**МРТ**
*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*
Бул. Гоце Делчев бр.18   1000 Скопје
**www.mrt.com.mk**

Врз основа на член 105, став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21 и 154/23), член 60, став 10 од Статутот на ЈРП Македонска радиотелевизија бр.01-4454/2 од 16.08.2019 година, а во согласност со Политиката за интегритет на ЈРП Македонска радиотелевизија бр.02-2334/1 од 26.04.2023 година, Директорот на МРТ на ден 06.11.2023 година, донесе:

ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Бр. 01-6941/ 17-11 2023 год. СКОПЈЕ

## ПРАВИЛА

*-за постапување со подароци, погодности и гостопримства во ЈРП МРТ-*

### Член 1

Со овие Правила се уредува начинот на постапување со подароци, погодности и гостопримства во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија (во натамошниот текст:ЈРП МРТ).

Овие Правила се однесуваат на Директорот на ЈРП МРТ, Заменик на Директорот на ЈРП МРТ, Помошниците на Директорот на ЈРП МРТ, Советниците на Директорот на ЈРП МРТ, Директорот на заеднички функции и администрација, Директорот на МТВ, Заменик Директорот на МТВ и Директорот на МРА, како и на сите вработени и ангажирани лица во ЈРП МРТ.

### Поим и дефиниции
### Член 2

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следново значење:

**"Подарок"** е придобивка која има одредена вредност и се нуди на и/или се прима од вработен во рамките на должностите што ги врши;

Подарокот може да се појави во повеќе форми, односно може да биде

1. **Материјално добро** во форма на недвижни ствари и движни ствари како на пр. добра за широка потрошувачка, промотивни материјали, книги, сувенири, уметнички слики, ваучери и пари, попусти на стоки и услуги итн. или
2. **Нематеријално добро** во форма на отстапување на некое право, отпис на долг или преземање на долг без надомест или со несоодветен надомест

**„Погодност"** е нематеријално добро кое вклучува повластен третман, привилегиран пристап, услуги или други предности, лични услуги, понуди за работа, покани на спортски и други настани со забавен карактер кои носат лична придобивка за службеното лице;

**"Гостопримство"** е нудење и прифаќање на покани за приеми , учества и патувања, деловни и други официјални настани, деловни патувања и сместување, учества на конференции, деловни ручеци како и давање на други слични услуги;

### Член 3

Во ЈРП МРТ може да се примаат подароци, погодности и гостопримства само под услови и на начин утврдени со закон.

Прифаќањето и давањето подароци, погодности и гостопримства во рамките на службената должност, може да претставува ризик за личниот и институционалниот интегритет и да доведе до создавање на реален, потенцијален или привиден судир на интереси и нарушен личен и институционален углед.

Несоодветното постапување со подароците, погодностите и гостопримствата може да доведе до негативни индивидуални и институционални последици во ЈРП МРТ.

**Начин на постапување со подароци од страна на Директорот на ЈРП МРТ, Заменик на Директорот на ЈРП МРТ, Помошниците на Директорот на ЈРП МРТ, Советниците на Директорот на ЈРП МРТ, Директорот на заеднички функции и администрација, Директорот на МТВ, Заменик Директорот на МТВ и Директорот на МРА**

**Член 4**

Директорот на ЈРП МРТ, Заменик на Директорот на ЈРП МРТ, Помошниците на Директорот на ЈРП МРТ, Советниците на Директорот на ЈРП МРТ, Директорот на заеднички функции и администрација, Директорот на МТВ, Заменик Директорот на МТВ и Директорот на МРА, може во име на ЈРП МРТ да даваат подароци од домашно производство во износ не поголем од 100 евра во денарска противвредност, според средниот курс на НБРСМ на денот на набавката на подарокот.

Како подароци не смеат да се даваат предмети што имаат културно, историско и археолошко значење и вредност за Република Северна Македонија, а кои се заштитени со закон.

**Член 5**

Директорот на ЈРП МРТ, Заменик на Директорот на ЈРП МРТ, Помошниците на Директорот на ЈРП МРТ, Советниците на Директорот на ЈРП МРТ, Директорот на заеднички функции и администрација, Директорот на МТВ, Заменик Директорот на МТВ и Директорот на МРА, може да примаат подароци и истите по приемот стануваат ствари во државна сопственост, освен подароците кои стануваат личен дар, согласно закон и подзаконски акти.

ЈРП МРТ е должна по пријавување на примените подароци, да обезбеди нивна проценка.

Проценката на примените подароци ја вршат овластени проценители согласно со Законот за процена и истата се евидентира како сметководствена вредност на стварта.

**Член 6**

Во случај кога Директорот на ЈРП МРТ, Заменик на Директорот на ЈРП МРТ, Помошниците на Директорот на ЈРП МРТ, Советниците на Директорот на ЈРП МРТ, Директорот на заеднички функции и администрација, Директорот на МТВ, Заменик Директорот на МТВ и Директорот на МРА, примаат подарок од претставници на странска држава, орган, институција или меѓународна организација во знак на соработка, благодарност или почит може да го задржат во сопственост, како личен дар доколку вредноста на примениот пригоден подарок не ја надминува вредноста од 50 евра во денарска противвредност по средниот курс на НБРСМ на денот на примање на подарокот.

Примениот пригоден подарок од домашни физички и правни лица кој Директорот на ЈРП МРТ, Заменик на Директорот на ЈРП МРТ, Помошниците на Директорот на ЈРП МРТ, Советниците на Директорот на ЈРП МРТ, Директорот на заеднички функции и администрација, Директорот на МТВ, Заменик Директорот на МТВ и Директорот на МРА, го примил во знак на соработка, благодарност или почит може да го задржи во сопственост, како личен дар, доколку вредноста на примениот пригоден подарок не ја надминува вредноста од 20 евра во денарска противвредност по средниот курс на НБРСМ.

Подарокот чија вредност ја надминува вредноста утврдена во ставовите 1 и 2 на овој член може да биде задржан во сопственост како личен дар, доколку Директорот на ЈРП МРТ, Заменик на Директорот на ЈРП МРТ, Помошниците на Директорот на ЈРП МРТ, Советниците на Директорот на ЈРП МРТ, Директорот на заеднички функции и администрација, Директорот на МТВ, Заменик Директорот на МТВ и Директорот на МРА ја доплатат разликата до вредноста на подарокот утврдена согласно член 5 став 3 од овој Правилник, на сметката на Буџетот на РСМ.

Директорот на ЈРП МРТ, Заменик на Директорот на ЈРП МРТ, Помошниците на Директорот на ЈРП МРТ, Советниците на Директорот на ЈРП МРТ, Директорот на заеднички функции и администрација, Директорот на МТВ, Заменик Директорот на МТВ и Директорот на

МРА, кој примил подарок на начин утврден во став 1 и став 2 на овој член, односно постапил на начин утврден во став 3 на овој член, има обврска писмено да ја извести ДКСК, со цел да го запази принципот на транспарентност во постапувањео со подароците.

**Член 7**

Директорот на ЈРП МРТ, Заменик на Директорот на ЈРП МРТ, Помошниците на Директорот на ЈРП МРТ, Советниците на Директорот на ЈРП МРТ, Директорот на заеднички функции и администрација, Директорот на МТВ, Заменик Директорот на МТВ и Директорот на МРА, не смеат да примаат подароци од економски оператори кои доставиле понуди при актуални постапки по јавни набавки, со цел да не се наруши личниот и институционалниот интегритет, но и да не се влијае на објективноста, непристрасноста и професионалноста во работењето и одлучувањето.

**Обврска за пријавување на подарок**

**Член 8**

Директорот на ЈРП МРТ, Заменик на Директорот на ЈРП МРТ, Помошниците на Директорот на ЈРП МРТ, Советниците на Директорот на ЈРП МРТ, Директорот на заеднички функции и администрација, Директорот на МТВ, Заменик Директорот на МТВ и Директорот на МРА, имаат обврска во рок од 8 дена од приемот на подарокот да го пријават и да го предадат примениот подарок на овластеното лице за интегритет во ЈРП МРТ.

Пријавата за примен подарок е дадена во Прилог 1 кој што е составен дел на овие Правила.

Овластеното лице за интегритет во ЈРП МРТ има обврска до Одделението за следење на финансирањето на политичките партии, изборните кампањи и корупција во јавните набавки при Секторот за спречување на корупцијата во ДКСК да достави копија од листата од евиденцијата за примените подароци утврдена во став 1 на овој член, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година, со цел внесување на податоците од евиденцијата во Каталогот на подароци кој го изготвува ДКСК.

**Начин на постапување со погодности од страна на Директорот на ЈРП МРТ, Заменик на Директорот на ЈРП МРТ, Помошниците на Директорот на ЈРП МРТ, Советниците на Директорот на ЈРП МРТ, Директорот на заеднички функции и администрација, Директорот на МТВ, Заменик Директорот на МТВ и Директорот на МРА**

**Член 9**

Директорот на ЈРП МРТ, Заменик на Директорот на ЈРП МРТ, Помошниците на Директорот на ЈРП МРТ, Советниците на Директорот на ЈРП МРТ, Директорот на заеднички функции и администрација, Директорот на МТВ, Заменик Директорот на МТВ и Директорот на МРА, не смеат да прифатат било каква погодност во вршење на својата служба, а доколку добие понуда за погодност, истата треба веднаш да ја одбие.

Најстрого се забранува прифаќање на нематеријално добро кое вклучува повластен третман, привилегиран пристап, услуги или други предности, лични услуги, понуди за работа, покани на спортски и други настани со забавен карактер кои носат лична придобивка.

**Начин на постапувања со гостопримства од страна на Директорот на ЈРП МРТ, Заменик на Директорот на ЈРП МРТ, Помошниците на Директорот на ЈРП МРТ, Советниците на Директорот на ЈРП МРТ, Директорот на заеднички функции и администрација, Директорот на МТВ, Заменик Директорот на МТВ и Директорот на МРА**

**Член 10**

Начинот на постапување со давање и прифаќање на гостопримства треба да се заснова на принципот на разумност и транспарентност.

При постапувањето утврдено со став 1 на овој член, Директорот на ЈРП МРТ, Заменик на Директорот на ЈРП МРТ, Помошниците на Директорот на ЈРП МРТ, Советниците на Директорот на ЈРП МРТ, Директорот на заеднички функции и администрација, Директорот на МТВ, Заменик Директорот на МТВ и Директорот на МРА имаат обврска:

- Да се однесуваат примерно и достоинствено,
- Да избегнуваат секакво однесување кое би го довело во прашање угледот и довербата на ЈРП МРТ
- Да избегнуваат дејствија и активности кои се во судир со етичките норми и кои би можеле да бидат причина за негова лична или туѓа уцена со цел да се влијае врз непристрасното и професионалното одлучување во службата,
- Да внимава да не се доведе во прашање личниот и институционалниот углед, доколку прифати гостопримство, без оглед на малата вредност на понудата,
- Во случајот утврден во алинеја 4, да се процени дали постојаното неприфаќање на понудите за гостопримство може да го навреди лицето, што исто така нема да остави добар впечаток за вработениот во ЈРП МРТ.

**Одговорност за непочитување на одредбите за постапување со подароци, погодности и гостопримства од страна наДиректорот на ЈРП МРТ, Заменик на Директорот на ЈРП МРТ, Помошниците на Директорот на ЈРП МРТ, Советниците на Директорот на ЈРП МРТ, Директорот на заеднички функции и администрација, Директорот на МТВ, Заменик Директорот на МТВ и Директорот на МРА**

**Член 11**

Во случај на непочитување на одредбите за постапување со подароци, погодности и гостопримства, од страна на Директорот на ЈРП МРТ, Заменик на Директорот на ЈРП МРТ, Помошниците на Директорот на ЈРП МРТ, Советниците на Директорот на ЈРП МРТ, Директорот на заеднички функции и администрација, Директорот на МТВ, Заменик Директорот на МТВ и Директорот на МРА, ќе се спроведе постапка за етичка одговорност утврдена во Етичкиот кодекс.

Доколку со подароците, погодностите и гостопримствата се постапува спротивно на закон, подзаконските акти и овој Правилник и со таквото постапување е настанат прекршок и/или кривично дело, одговорноста се утврдува во постапка утврдена со закон.

Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок, не ја исклучува етичката одговорност на Директорот на ЈРП МРТ, Заменик на Директорот на ЈРП МРТ, Помошниците на Директорот на ЈРП МРТ, Советниците на Директорот на ЈРП МРТ, Директорот на заеднички функции и администрација, Директорот на МТВ, Заменик Директорот на МТВ и Директорот на МРА.

**Начин на постапување на вработените во ЈРП МРТ со подароци**

**Член 12**

Вработените во ЈРП МРТ не смеат да примаат подароци поврзани со нивната работа со исклучок на протоколарни и повремени подароци од пониска вредност.

Подароци од пониска вредност се оние подароци што не ја надминуваат вредноста од 1.000,00 денари, или подароци добиени од иста личност чијашто вкупна вредност не надминува 3.000,00 денари во дадена година.

Протоколарни подароци се подароци примени од страна на службени лица или од меѓународни организации, дадени за време на посети, гостувања или во други слични околности.

**Член 13**

Забраната и ограничувањата утврдени во член 12 на овој Правилник, се однесуваат и на брачниот другар на вработениот, на лицата кои живеат заедно со вработениот во вонбрачна заедница, на нивните деца, родители и на лица кои живеат во исто домаќинство.

**Член 14**

Вработените во ЈРП МРТ имаат обврска да ги предупредат дарителите дека подароците што ја надминуваат вредноста изнесена во член 12 на овие правила, стануваат сопственост на ЈРП МРТ.

Податоците за примените подароци, нивната вредност, дарителите и другите околности се внесуваат во евиденцијата на подароци.

**Член 15**

Подароците кои станале сопственост на ЈРП МРТ, се до завршување на постапката за отуѓување, привремено се чуваат во посебна просторија во МРТ, која треба да биде заклучена и недостапна за вработените.

Во случај кога се работи за подарок кој не може да се користи од ЈРП МРТ за реализација на нејзините законски надлежности, истиот треба да се отуѓи согласно закон.

**Начин на постапување на вработените или ангажираните лица во ЈРП МРТ со погодности**

**Член 16**

Вработен во ЈРП МРТ не смее да прифати било каква погодност во вршење на својата служба, а доколку добие понуда за погодност, истата треба веднаш да ја одбие и за тоа писмено или по електронски пат (е-маил), да го извести непосредниот претпоставениот.

Најстрого се забранува прифаќање на нематеријално добро кое вклучува повластен третман, привилегиран пристап, услуги или други предности, лични услуги, понуди за работа, покани на спортски и други настани со забавен карактер, кои носат лична придобивка за вработеното или ангажираното лице во ЈРП МРТ.

**Начин на постапување на вработените или ангажираните лица во ЈРП МРТ со гостопримства**

**Член 17**

Вработено лице во ЈРП МРТ не смее да понуди гостопримство на странка или деловен партнер.

**Член 18**

Одредбите утврдени во членовите 12, 13, 14, 15, 16 и 17 од овој Правилник, соодветно ќе се применуваат и за постапување со подароци, погодности и гостопримства од страна на ангажираните надворешни лица во ЈРП МРТ, волонтери, практиканти и други лица кои учествуваат во работата на ЈРП МРТ.

**Одговорност за непочитување на одредбите за постапување со подароци, погодности и гостопримства од страна на вработените во ЈРП МРТ**

**Член 19**

Непочитувањето на одредбите за постапување со подароци од страна на вработените во ЈРП МРТ, претставува потешка повреда на работната дисциплина –дисциплински престап, која подлежи на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност во согласност со закон.

**Член 20**

Доколку вработен во ЈРП МРТ кој постапува со подароците, погодностите и гостопримствата спротивно на законот, подзаконските акти и овие правила и со таквото постапување сторува прекршок и/или кривично дело, истиот ќе сноси одговорност на начин и во постапка утврдена со закон.

Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок, не ја исклучува дисциплинската одговорност на вработениот административен службеник во ЈРП МРТ.

**Пријавување на неправилности при постапување со подароци, погодности и гостопримства**

**Член 21**

Во случај кога Директорот на ЈРП МРТ, Заменик на Директорот на ЈРП МРТ, Помошниците на Директорот на ЈРП МРТ, Советниците на Директорот на ЈРП МРТ, Директорот на заеднички функции и администрација, Директорот на МТВ, Заменик Директорот на МТВ и Директорот на МРА, вработените во ЈРП МРТ, ангажираните надворешни лица, волонтерите, практикантите, имаат сознанија за постоење на неправилности при постапување со подароци, погодности и гостопримства, истите треба да го известат назначеното лице за интегритет во ЈРП МРТ.

Доколку назначеното лице за интегритет во ЈРП МРТ процени дека има елементи на постоење неправилности при постапување со подароци, погодности и гостопримства од страна на лицата утврдени во став 1 на овој член, истото може да постапи во согласност со Законот за заштита на укажувачи.

**Член 22**

Во случај кога Директорот на ЈРП МРТ, Заменик на Директорот на ЈРП МРТ, Помошниците на Директорот на ЈРП МРТ, Советниците на Директорот на ЈРП МРТ, Директорот на заеднички функции и администрација, Директорот на МТВ, Заменик Директорот на МТВ и Директорот на МРА, вработените во ЈРП МРТ, ангажираните надворешни лица, волонтерите, практикантите, имаат сознанија за понуда за подарок погодност и гостопримство, на начин што претставува квалификација на кривично дело утврдено со Кривичниот законик, истите треба да пријават до надлежните органи утврдени со закон и да го известат назначеното лице за интегритет во ЈРП МРТ.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 23**

Овој Правилник влегува во сила со денот на нивното донесување, а ќе се применува до денот на негово изменување и/или дополнување заради усогласување со важечките закони и подзаконски акти

Овој Правилник ќе биде објавен на веб страната на ЈРП МРТ.

**Јавно радиодифузно претпријатие**
**МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА**

**Марјан Цветковски**
**Директор на МРТ**

МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
Бул. Гоце Делчев бр.18 1000 Скопје
www.mrt.com.mk

**Прилог 1**

**Образец**
за пријавување на подарок за Директорот на ЈРП МРТ, Заменик на Директорот на ЈРП МРТ, Помошниците на Директорот на ЈРП МРТ, Советниците на Директорот на ЈРП МРТ, Директорот на заеднички функции и администрација, Директорот на МТВ, Заменик Директорот на МТВ и Директорот на МРА

| ПРИЈАВА ЗА ПРИМЕН ПОДАРОК | | | |
|---|---|---|---|
| Пополнува примателот на подарокот | | | |
| 1. | Име и презиме | | |
| 2. | Функција | | |
| 3. | Назив на органот во кој ја врши функцијата | | |
| 4. | Име и презиме и адреса на дарителот (назив и седиште на правното лице или орган, доколку подарокот е даден во име на правно лице или орган | | |
| 5. | Дата на прием на подарокот | | |
| 6. | Повод за давање на подарокот | | |
| 7. | Опис на подарокот | | |
| 8. | Во чија сопственост ќе биде подарокот | Приватна-личен подарок | Државна |
| 9. | Датум на предавање на подарокот на органот (доколку примателот одлучи дека подарокот ќе стане државна сопственост) | | |
| 10. | Вредност на подарокот | | |
| Примателот на подарокот е одговорен за точноста на податоците | | | |
| Место: | | | |
| Датум: | | | |

Потпис на примателот на подарокот

______________________________

Потпис на одговорното лице

______________________________

МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
Бул. Гоце Делчев бр.18 1000 Скопје
www.mrt.com.mk

**Прилог 2**

**Образец**
за пријавување на подарок за вработени, ангажирани и други лица во ЈРП МРТ

| ПРИЈАВА ЗА ПРИМЕН ПОДАРОК | | | |
|---|---|---|---|
| Пополнува примателот на подарокот | | | |
| 1. | Назив на институцијата | | |
| 2. | Име и презиме | | |
| 3. | Работно место на кое е распореден | | |
| 4. | Примател на подарокот: вработениот/брачен другар на вработениот/ лице во вонбрачна заедница со вработениот/ деца/ родители и лица кои живеат во исто домаќинство (да се заокружи кој е примател на подарокот и да се наведе име и презиме на блиското лице кое е примател на подарокот)[1] | | |
| 5. | Дата на прием на подарокот | | |
| 6. | Повод за давање на подарокот | | |
| 7. | Опис на подарокот | | |
| 8. | Во чија сопственост ќе биде подарокот | Приватна-личен подарок | Државна |
| 9. | Датум на предавање на подарокот на органот (доколку примателот одлучи дека подарокот ќе стане државна сопственост) | | |
| 10. | Вредност на подарокот | | |
| Примателот на подарокот е одговорен за точноста на податоците | | | |
| Место: | | | |
| Датум: | | | |

Потпис на примателот на подарокот

_______________________

Потпис на одговорното лице

_______________________

[1] Член 39 став (2) и став (4) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20)

МРТ

**МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА**

Бул. Гоце Делчев бр.18 1000 Скопје

www.mrt.com.mk

ЕВИДЕНЦИЈА

НА ПОДАРОЦИ ПРИМЕНИ ОД ДИРЕКТОР НА ЈРП МРТ, ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ЈРП МРТ, ПОМОШНИЦИТЕ НА ДИРЕКТОРОТ НА ЈРП МРТ, СОВЕТНИЦИТЕ НА ДИРЕКТОРОТ НА ЈРП МРТ, ДИРЕКТОРОТ НА ЗАЕДНИЧКИ ФУНКЦИИ И АДМИНИСТРАЦИЈА, ДИРЕКТОРОТ НА МТВ, ЗАМЕНИК ДИРЕКТОРОТ НА МТВ И ДИРЕКТОРОТ НА МРА

| Р.бр. | Име и презиме на функционерот | Должност | Име и презиме на дарителот/Име и седиште на државен орган или правно лице-дарители | Опис на подарокот | Проценета вредност на подарокот изразена во МКД/Евра во денарска противвредност | Датум на дарување | Сопственост на подарокот Државна/лична | Датум на предавање на дарот во ДКСК |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

Скопје,__.__._____ година

Овластено лице,
Име и презиме
Потпис

________________________

ЕВИДЕНЦИЈА
НА ПОДАРОЦИ ПРИМЕНИ ОД ВРАБОТЕНИ ЛИЦА ВО ЈРП МРТ

| Р.бр. | Назив на институција | Должност | Име и презиме на вработениот/примател на подарокот | Работно место | Име и презиме на блиско лице на вработениот – доколку примател на подарокот е блиско лице | Сродство брачен другар/лице од вонбрачна заедница/дете /родител//лице кое живее во исто домаќинство со вработениот | Име и презиме и адреса на дарителот на подарокот/Назив и седиште на правно лице или орган доколку подарокот е даден во име на правно лице или орган | Датум на прием на подарокот | Повод за примање на подарокот | Вид/ опис на подарокот | Вредност на подарокот/ проценка врз основ на пазарна вредност | Сопственост на подарокот лична/ сопственост на ЈРП МРТ | Статус на подарокот, се чува во ЈРП МРТ/ се складира во МРТ/ се изложува во МРТ (__кат)/ се располага со стварта(за кои потреби и кој располага) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |

Скопје,__.__._____ година

Овластено лице,
Име и презиме
Потпис

_____________________